ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-144/1
12.04.2012 год.
СКОПЈЕ

ЗНМ
**ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**
**ASSOCIATION OF JOURNALISTS OF MACEDONIA**
**"Градски ѕид" блок 13, 1000 Скопје**
**++389 2 3298-139 ++389 2 3116 447 E-mail: contact@znm.org.mk www.znm.org.mk**

Почитувани,

Ве известуваме дека на последната седница на Управниот одбор на ЗНМ, одржана на 9 април 2012 година, беше одлучено да се намали годишната членарина на 300 денари. Оваа одлука е донесена по анкетирањето кое го спроведе ЗНМ, а кое потврдува дека голем дел од новинарите сметаат дека досегашниот износ на членарината од 600 денари е превисок.

Исто така, Управниот одбор донесе одлука да им овозможи на новинарите кои останале без работа, а кои ги исполнуваат условите за зачленување предвидени со Статутот, бесплатно да се зачленат во ЗНМ.

Овие одлуки се донесени со цел да им излеземе во пресрет на големиот број на колеги кои поради економската криза, намалување на плати и намалување на хонорари се во тешка финансиска состојба.

Ги известуваме оние членови на ЗНМ кои годинава си ја подмириле обврската и платиле 600 денари за членарина дека истата на нивно барање ќе им биде продолжена и за наредната, 2013 година.

За членство во ЗНМ потребно е да се пополни пристапница која може да се преземе од интернет страницата на Здружението. Потребно е приложување и на кратка биографија. Потребните документи треба да се достават до канцеларијата на ЗНМ (Градски ѕид блок 13, 1000 Скопје ) заедно со две фотографии.

Паричните средства за членарина се плаќаат на сметката на ЗНМ во Комерцијална банка, трансакциона сметка 300000000776715

За повеќе информации контактирајте не на: (02)3298-139 или на contact@znm.org.mk

Со почит,

Здружение на новинарите на Македонија

ЗДРУЖЕНИЕ НА НОВИНАРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

*12 април 2012г, Скопје*